Оригинален научен труд
**UDC 398.3(=163.3)**

# НАРОДНИТЕ ВЕРУВАЊА КАКО ДЕЛ ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ (ПРЕКУ ПРИМЕРИ ОД МАКЕДОНСКАТА ПРОЗА)

**Лилјана Гушевска**
*Институт за национална историја, Скопје, Македонија*

Different beliefs were always a part of people's everyday life. Therefore, some of the most wide-spread folk beliefs among Macedonian people contained in the novels *Krpen Zhivot, Razboj, Pirej* and *Nebeska Timjanovna*, as well as in the story *Bojana*, are examined in this paper. Beliefs in sorceresses, the Fates, fortune-telling powers, multiple meanings of dreams, magical rituals, things and potions, as well as beliefs in the magical function of words all of which are regularly present in people's lives in times of war, social changes and turmoil, when a person is faced with diseases, hunger, the death of people close to him,, when he feels hurt, threatened or left on his own, get a different meaning. They become a way and a tool for dealing with desperate situations. At the same time, the beliefs in the invisible powers that can help when nothing else can, remain the only hope that the person can survive even in impossible circumstances.

These rituals and beliefs have a very long tradition, especially in a patriarchal society. They are a part of the world view of the people, and are performed in a certain order and at certain times. They are learned and practiced as everyday house chores, the same way the work on the fields and around the cattle are learned. Their role in everyday life in general, as well as in specific segments, is of essential significance.

Различните верувања го следеле човековиот развој од најстаро време и претставувале (а на некој начин и денес претставуваат) составен дел од животот на луѓето. Различните верувања се стари колку и секоја друга религија, ако не се и постари. Во нив се чуваат, како во некаква архива, остатоци од сите поранешни степени на развој на луѓето (Барјактаревић, 1958: 6). Оттука не изненадува фактот што таквите верувања нашле одраз и во оние дела од македонската проза што го обработуваат животот на нашиот човек во моментите кога тој се судира со поголеми или помали пречки, кои настојува да ги надмине и да ги совлада, на овој или на оној начин, но и животот во пресудни и тешки историски и егзистенцијални моменти и периоди.

Верувањата во бајачките, наречниците, во претскажувачката моќ и многузначноста на сонот, во магиските обреди, предмети и напитоци, во магискита функција на зборовите, кое е постојано присутно во животот, во време на војна, на општествени превирања и промени, кога човекот е соочен со болест и смрт на најблиските, со глад и кога се чувствува повреден, загрозен, напуштен од сите, добиваат поинакво значење, стануваат начин и средство за справување со безизлезноста, а вербата во невидливата сила што може да помогне кога не постои ништо друго, останува единствената надеж дека човекот може да преживее и во невозможни услови. Понекогаш таквата верба создава една лажна утопија за подобар живот, за решавање на неволите, мисла дека може да се добие некаква моќ, со која, ако не може секогаш да ги победи злите сили што му се закануваат или можат да му нанесат штета, барем ќе му помогне како да се чува од нив и како да се справува со нив.

Голем број народни верувања се поврзани со чинот на раѓањето, особено со зачувањето жив и здрав пород во семејствата во кои умираат децата. Со раѓањето е поврзано верувањето во наречниците, кои ја определуваат судбината на детето. Во оваа смисла, едно од најраспространетите е верувањето дека новороденчето „веднаш по раѓањето, што значи уште незадојано, се носи на крштевање в црква и се крштева на сретен кум. Тоа значи дека кум ќе биде оној што ќе го сретнат на патот до црквата без разлика дали е маж или жена, богат или сиромав“ (Китевски, 1982: 127). На овој начин го добива своето име и главната херојка во романот *Небеска Тимјановна*: „Јас сум ѝ прво живо дете на мајка... Се раѓам јас и сите застанале да мислат како да ме одбранат од лошите наречници. Го прашуваат еден калуѓер, а тој ими вели: Вака и вака. И тие така. Ме оставиле на една раскрсница и се скриле. Татко, дедо, стрико... Чекаат некој да помине, да ме најде. Да се мени кумот, да се мени среќата. Поминала една жена од Четрок, подзапрела пред мене и рекла: господе, од небото паднало живо дете! Истрчале татко, дедо, стрико и ја фатиле жената: од ти ќе бидеш кума и ништо друго! Нека се вика Небеска, беше рекла жената, мислев дека е паднато од небото. И после кој како ќе ги сретне и ќе ги прашува што носите така? Жив глас, жива душа носиме. И тие со трчање ќе се вратат назад викајќи – Идат и жив глас носат! И сите да ме отскриваат,

да ме поднаѕираат. И плу, плу ќе ме поплукаат за од зарек, од лоши очи" (Андреевски, 1989: 39)[1].

За истата цел се практикувале и други постапки. Така, се верувало дека на првото живо новороденче, уште незадојано, треба да му се дупне десното уво на кое ќе носи обетка, која имала функција да го чува од разни несреќи и надворешни лоши влијанија (Китевски, 1982: 127). Ова го применува, меѓу другите магиски дејства, и мајката Благуна, лик од романот *Разбој*, за да го зачува својот новороден син: „Нестор ѝ порача доктори да прашала. Ако треба (никогаш да не затреба!), ќе праша. Затоа, клетата Благуна, уште Нестор неотиден туѓина, штом во утробата усети живот да се заметнува, зеде од три цркви пари. Така ја поучија жени напарени како неа. Жените рекоа парите да се претопеле во обетка и таа му ги даде на Зарчета Кувенџи. Жените рекоа обетката требало да полежи на *светиот престол*, и тоа на сам ден Величетврток, таа го помоли попа Пандила да ѝ услужи. Пак, како што рекоа жените, Весела вечерва му го дупна мевцето на десното уше на рулчето за по крштевањето, откога Зарче ќе ја узнае првата буква на името негово и ќе ја вреже, да му го вврат обетчето и тоа ќе го заштитувало од тој Даескрајата што со умирачки се настрвил на кукава. Жените рекоа обетчето сигурно ќе го додржело. А тогаш, за доктори е лесно, лесно е кога сигурно ќе се додржело" (Малески, 1987: 49). Погорниот извадок многу јасно укажува на неколку важни аспекти на народните верувања – мешање на паганските и на христијанските верувања, како и на фактот дека борбата со злите сили (во романов именувани со оригиналниот повеќезначен неологизам *Даескрајата,* настанат од цел еден израз фреквентен во народниот јазик, *да е скраја*) налага да се изберат соодветни „средства" и постапки, дури и во случај кога има и други начини, во конкретниов случај да се консултира лекар.

Верувањето, пак, во наречниците е присутно како кај Македонците така и кај другите балкански народи, како најстар облик на верување во судбината (Schubert, 1982: 89). Наречниците се наследници на античките *мојри* (грчки божици на човековата судбина), но не се идентични со нив. Тие повеќе не се божици како хеленските мојри, туку се женски демони и заземаат пониско место во митолошката хиерархија (Schubert, 1989: 90). Во верувањата на македонскиот народ, наречниците се невидливи, а претставуваат

[1] Инаку, избирањето случаен кум за детето е застапено и во други наши дела. Така, на пример, ова е основата за заплетот во познатата комедија на В. Иљоски, *Чорбаџи Теодос (Нагазил човекот).*

натприродни митолошки суштества, обично три жени, кои му се блиски на Господ и дејствуваат во согласност со неговите укажувања, но тој не може директно да влијае или да го промени она што ќе го наречат тие (Вражиновски, 2000: 290). Наречниците доаѓаат на третата вечер, и тоа „обично околу полноќ и тогаш тие се договараат каква судбина да му определат на новороденото дете“ (Пенушлиски, 1968: 303). При доаѓањето на наречниците, „бабицата е важен посредник меѓу родителите и детето од една страна и наречниците од друга страна..., меѓу овој и оној свет...“ (Schubert, 1968: 92). Во романот *Разбој* е многу впечатливо прикажана сцената на очекувањето на наречниците, во која бабицата Весела ја има улогата на посредничка, додека потресената мајка трепери пред судбинскиот момент на наречувањето, длабоко убедена дека тогаш се решава судбината на нејзиното дете: „Тогаш часовникот морничаво заудира да ја најави полноќта. Двете жени занемеа. Само рулчето, сега понемоќно, пискотеше. Болките во утробата на Благуна ѝ ги замрзна студ. Студот, со секој удир на часовникот, се качуваше погоре и погоре. На дванаесеттиот, студот застана во грлото и од гласилките направи мразулци. Затоа таа не смогна да прозбори а требаше, бездруго требаше, зашто тие – наречниците – веќе беа во приемната. Невидливи а го чувствуваше нивното присуство со сета сила. Низ павлака на очите ги догледа усните на Весела како се одлепија (најди ми се, Весело, мене еве гласилките ми се мразосаа), а потем време, но пак навреме, го чу и нејзиниот преплашен шепот: ’Сестри златни, семоќни наречници! Јас ве молам на местово од клетава Благуна Дабовјанска, зашто нејзе не ѝ е токму здравјето поради раѓањето, значи, знаете вие, убавици на убавиците, жени сте та знаете родилката истопува од себеси сили колку за еден живот. Ве молам со молбите на Благуна: нарачајте долг живот на детево, дарувајте го, златници вие препрепредобри, со здравје и среќа, сторете, о невести на Севишниот, со потомство да засвети куќава Дабовјанска петпати обесчедена!“ (Малески, 1987: 50-51). Атмосферата што владее, однесувањето на двете жени во наведениот извадок и обраќањето на посредничката кон наречниците, во кое, покрај на други начини, ги именува како *препрепредобри*[2], јасно покажува какво значење има овој чин во животот на обичниот човек.

---

[2] Ако се земе предвид дека префиксот *пре-* значи присуство на одреден признак во најголема мера, неговото тројно повторување е само во функција на тоа да се смилостиват колку што е можно повеќе наречниците пред да го почнат наречувањето.

Во некои делови на Македонија улогата на наречница може да ја игра некоја жена, најчесто бабата (Вражиновски, 2000: 290). Така е и во романот *Крпен живот*, каде што како наречница се јавува една стара жена, избрана од семејството на новороденчето, но вербата на домашните во исполнувањето на наречувањата не е помала (Попов, 1970: 87-89).

Грижата за здравјето била тесно поврзана со дејноста на гледачките или бајачките. Тие користеле различни предмети и други „магиски“ средства, вклучувајќи и вода од свети извори, а при баењето изговарале и различни обредни формули, кои ги изговарале три или девет пати (Вражиновски, 2000: 116-117, 50-52). Затоа и во македонската проза не ретко се среќаваат ликови на гледачки, од кои луѓето одлучуваат да побараат помош, а не од лекар, дури и за сериозни здравствени проблеми: „Ја повика најпрочуената гледачка во околината. Таа донесе во себе земја од седум раскрсници[3] и вода од чудотворниот извор на манастирот Св. Наум. Земјата ја стави ја под нозете на детето, а со водата трипати го напрска гледачката брзо изговарајќи некакви неразбирливи зборови. Но напразно. На детето му станувaше сè потешко и потешко. Бојана беше избезумена од болка. Си ги кубеше косите и секој час одеше пред иконата и се молеше на бога да ѝ го спаси детето. Тоа продолжи неколку дена. Најпосле некој се сети да се бара од градот лекар“ (Точко, 1973: 27-28).

Бајачката е, обично, доверлива личност, кај која се бара лек не само за болест туку и за други работи. Во таа смисла, многу било раширено верувањето за злите очи, кои можат сериозно да им наштетат најмногу на децата (Вражиновски, 2000: 423): „А Ѕвездана ми го фаќаа многу очи. Едно излегување и ќе го почудат. Туку ќе ги превитка клепките нагоре. Така му беше дарата, оти убав ми беше. Ама Маса Ќулумоска се разбираше и од баење, кушање, да му црцне млеко од туѓа жена, под корен да провира и други маривети знаеше. И многупати го носев Ѕвездана да му закуша, со скрувци сол и со шепотење на темето“ (Андреевски, 1987: 37).

Многу е интересен ликот на бајачката во романот *Крпен живот*. Таа е прикажана како вешта и симпатична измамничка, која ги користи празноверноста и лакомоста на простите луѓе за да обезбеди леб за своите деца. Така, во епизодата кога селанката Митра бара од

---

[3] Раскрсниците, или крстопатите, биле идеални места на кои кои се врзувале и се одврзувале магии, зашто, според верувањата, тие не претставуваат ниту почеток ниту крај, туку место од каде што се преминува во туѓиот свет, кој, поради тоа што е непознат, нуди надеж за нешто подобро (Вражиновски, 2000: 240-241).

бајачката, баба Бисера, да направи магија со која ќе му наштети на уште нероденото дете на нејзината јатрва Доста, таа (бајачката) ги бара од неа „неопходните“ состојки од кои ќе ја направи свеќата со која ќе го скуси животот на детето: нишани од двајцата родители, парче восок, темјан, волчи жили, жолчка од црна мачка, коњски муви и слични „магиски“ состојки, а за услугата бара „некоа ока сланинка, троа масца, сиренце, некој тагар брашно... една лира пари“ (Попов, 1970: I, 76). На лековорната Митра таа ѝ дава и соодветно објаснување: „Колку повеќе шо се плаќа – толку повеќе се ваќа магиата“ (Попов, 1970: I, 77), а во себе си вели: „Кога има будала народ и расипан, оти пак да не му зема?“ (Попов, 1970: I, 77), или: „Ти ќе страдаш од тој ум, та на Доста ќе ѝ плукниме под пенџерето, и ти, и јас. Ако ѝ е за раѓање ќе роди и две, ако ѝ дошло, не само едно...“ (Попов, 1970: I, 78). Меѓутоа, знаејќи до каде може лакомоста да го доведе човекот, од една страна, но сепак убедена во суеверноста на некои свои соселанки (во случајов, Митра) и во нивната верба во „магиските“ производи што им ги подготвува, бајачката баба Бисера многу разумно и хумано размислува, делумно и со доза на оправдување на сопствените постапки: „Па да видиш и добро е воа шо дојде Митра кај мене. Ако не ја послуша јас да ѝ а направа ’магиата‘ можеше најстина да ѝ напакости на сиромашката. Или некој билки ќе ѝ даваше да пие, па ќеше да ја отруе, или со нешчо може да а напакости неа или детенцето. А вака сега ќе а пале свеќата по една декика на вечер. Таа е голема, ќе трае не шес недели, ами и шес месеци може да трае. Доста ќе си го изгледа; Митра ќе си остане со палењето на свеќата и така ќе се заврши таа работа без греј, ни нејзе, ни мене“ (Попов, 1970: I, 78).

Од суеверноста не се поштедени ниту црковните лица, и самите приучени, така што во споменатиот роман, за помош на истата бајачка ѝ се обраќа и селскиот поп, кој сака да го ожени својот син против неговата волја. Затоа тој сака со „магија“ да го „ослободи“ синот од љубовта кон Достината ќерка, Нешка: „Слушај Бисеро... јас знам оти ти подваќаш по нешчо од маѓиа страна.. Поможи ми, мори мајче! И на вој век и на тој мајка ќе те знам. Земи, земи, одврати му вода..., белки ќе го нападиме натемаго од него, да се прибере...“ (Попов, 1970: II, 114). Бабата Бисера, сеќавајќи се на првата „магија“ што ја направила над Нешка, по барање на стрина ѝ Митра, му се потсмева во себси на попот: „Еее, лели мене ми дојде пак да ѝ права маѓиа нејзе, ќе се вати колку првата! –и се поднасмеа вртејќи ја главата на друга страна, небаре се секне, да не ја забележи попот“ (Попов, 1970: II, 114).

Многу народни верувања се поврзани и со претскажувачката моќ на сонот. Верувањето во соништата е присутно и кај денешните луѓе, без разлика на нивното образование и општествениот статус. Многупати нештата што „се видени“ на сон имаат за луѓето суштинско значење, односно му укажуваат што ќе се случи и дали е тоа добро или лошо. Така, во романот *Пиреј,* ликот Велика сонува сон во кој голема вода ѝ го разрушува домот, ѝ ги поткопува потпорните греди и диреци, ѝ ги однесува децата. Таа, преплашена, си го толкува сонот: „Јас уште мислам на водата од сонот. Знам дека стежерот што го однесе водата е Јон[4]. Водата е војната, а стежерот – Јон. Црни мисли ме шетаат наваму, натаму, одовде доонаму. Што ќе се дирецитe што ми ги поткопа водата и што е давењето на децата? Се штрекнувам и од страв така зашеметена, ко збудалена ги гледам децата и ги прашувам едно поедно, да не те боли нешто: мешето, главата, устата, устина мои мили!“ (Андреевски, 1987: 56). Во овој дел е присутно уште едно верување, имено дека „сон не се кажува на немиен образ...“ (Андреевски, 1987: 56).

Исто така, кај луѓето е широко распространето верувањето дека блиските им се јавуваат во сонот, и тоа особено во тешки моменти, и тогаш им даваат совети и им помагаат. Во романот *Разбој* е поместена епизодата кога мајката Благуна бдее над болното дете, а на сон или како привидение ѝ се јавува нејзиниот маж, кој е на печалба, и ѝ порачува да побара помош од доктор (Малески, 1987: 161-162). Жените ѝ го толкуваат сонот на свој начин: „Човекот што си го видела во темничините не бил Нестор туку свети Наум, да знаеш, Благуно: свети Наум! Само што го зел лицето на Нестора твој. Светиите секакви лица земаат кој не знае!“ (Малески, 1987: 163). А самата Благуна, откако разбира за смртта на својот маж Нестор, поинаку го толкува: „Не отера многу, таа научи дека во темничината сепак бил Нестор а не светецот. Аманет ѝ оставил клетиот пред да замине на патот без вратка...“ (Малески, 1987: 164).

Во романот *Крпен живот*, момата Нешка преку сонот „открива“ дека нејзиното момче, и покрај забраните од таткото, веројатно мисли на неа: „Мили боже, мили!... Шо ќе биде вој сон? Соколот зборува со неговиот глас, а го одврза забитот на Анѓината нога! Велат оти забит да гледаш на сон, тоа некој светиа ти се сонуа. Белки, сполај му на свети Димитрија, е меѓу нас обата?“ (Попов, 1970: II, 79).

[4] Јон е мажот на Велика, кој е регрутиран во српската војска; дејството се случува во Првата светска војна (забел. Л. Г.).

Иако постојат некои вообичаени значења на одредени соништа и тоа што се појавува во нив, луѓето често ги толкуваат на свој начин. Исполнувањето на сонот уште повеќе ги убедува луѓето и ја поткрепува нивната верба во она што го виделе при сонувањето.

Соништата имаат големо значење и за една прекалена комунистка каква што е Небеска Тимјановна, која верува дека се „ослободила“, колку што е тоа во суштина можно, од „заблудите“ на верата и на празноверјето, која ги поминала стравотиите на Втората светска војна, на Граѓанската војна во Грција, а потоа, зафтена од Сталиновите чистки, доживува да биде затворена и преместувана по озлогласените сибирски затвори: „Ова мене ми се кажуваше на сон. Едипати цела ноќ ќе се гледаме со Горачинов[5], а како за последен пат да се гледаме. Некоја голема вода застанала меѓу нас и не ти дава да поминеш. Еднаш и јаболката не ни дадоа. Се отпуштија од сите врати и прозорци, од сите соби и тавани на Алма Ата. Се уреваат, се истураат, сиот град го налегнуваат, го полнат. Исто ко на женски водици во Врадар кај Вруток. Се тркалаат ко камења по улиците. Сѐ да е затнато од јаболка во движење. Ние бегаме, а тие идат по нас, тропаат и се набиваат. Нѐ удираат по петиците, ни ги потфаќаат стапалата. Ни се качуваат над колената, ни се трупаат околу појасот. До под гуша ни се искачуваат јаболката. Мене и на Горачинов. Само главите ни се одозгора, ама и тие ни се надалеку застанати. Се гледаме, а не можеме да се досегнеме, што се вели, да си помогнеме. Вистина, јас не верувам веќе во соништа, ама кога немаш друго, мораш...“ (Андреевски, 1989: 303). Последната мисла на Небеска уште еднаш потврдува дека кога се наоѓа во безизлезна ситуација, човекот е особено подложен да поверува во нештата што се раководени од некакви „повисоки“ сили.

Во таа смисла, во романот *Пиреј*, на страниците каде што се опишани огромните страдања предизвикани од војната, која со себе носи и болести, и глад, и умирања, и што уште не, е прикажана желбата на селаните некако да се изборат за голиот живот. „Против гладот и болестите селаните се борат онака како што знаат и умеат: оставени сами на себе, отсечени и затворени, за сојузник тие го имаат бога, традицијата, суеверноста и надежта. Во една атавистичка напнатост да се дочува животот, романот ќе ни прикаже неколку морничави сцени: кога нема никаков излез и кога нема никакви можности да се победат злото и несреќата, тогаш се става сѐ на коцка на ирационалните, мистичните и натприродните сили“ (Вангелов, 1983: 107). Изгледа како човекот да е исправен пред сите зла и несреќи

[5] Горачинов е мажот на Небеска (забел. Л. Г.).

што како да доаѓаат од самиот ѓавол, па во својот безизлез тој е подготвен и прави крајно очајни обиди да се справи со сето тоа, црпејќи ги последните грамови сила и наоѓајќи се на границите на здравиот разум. Затоа на многу места „тие магиски ритуали се потресни и личат на крик, на грч, на болка што доаѓа од самото дно на душата и јазикот. Зборовите јачат, стенкаат, бараат начин да се ослободат од тежината што ги притиска. Потресни се тие кога земаат залет над несреќата и се обидуваат да го изменат текот на неумоливата судбина“ (Клетников, 1987: 273). Сето ова најмногу доаѓа до израз во една од најпотресните сцени не само во овој роман туку и во современата македонска литература воопшто, антологиската сцена во која мајката Велика, здробена од болката поради страшната загуба, почнува да игра и да пее околу гропчињата на двете мртви чеда за да го „пука“ Ѓаволот, да го излаже дека не тагува по децата, да го нападне од дома, со една надеж дека на тој начин ќе ги зачува преостанатите три деца.

Иако разгледуваме само неколку прозни дела од македонската литература, сепак не можеме да ги опфатиме сите народните верувања што се наоѓаат на нивните страници, особено ако се земе предвид дека во нив најдиректно е прикажан животот на „малите“ луѓе во сите негови манифестации и со сите негови специфики. Во таа насока, во романот *Пиреј* се опишани многубројните магиски дејства што ги презема Велика за да ги заштити својата јатрва Уља, кога е леунка, и нејзиното новородено дете од лошите сили и уроци кои им се „закануваат“ во „критичниот“ период до изминувањето на шестата седмица – од поминувањето на детето меѓу две секири, две води и две купчиња со жар, придружено со зборовите: „Поминав меѓу две секири, а не се пресеков, поминав меѓу две води, не се удавив, поминав меѓу два огна, не се изгорев“ и сл., па сè до фрлањето на првиот заб зад куќата, придружено повторно со соодветни зборови: „На ти врано коскен, а ти донеси ни златен“ итн.

Овие ритуали и верувања имаат долга традиција особено во една таква патријархална средина, тие се дел од светогледот на луѓето и се прават по определен ред и во определено време. Тие се учат и се практикуваат како што се учи и секојдневната работа околу куќата, околу имотот или околу стоката. Нивната улога во одвивањето на животот воопшто и во определени негови сегменти е од суштинско значење. Верувањата и ритуалите се пренесуваат на новите генерации и новините тешко пробиваат, зашто луѓето во минатото најчесто биле препуштени сами на себе. Вообичаената практика да се повика локалната бајачка, која ги знае тајните на баењето и на вражењето,

изведувањето соодветен обред придружен обично со изговарање некаква вербална магиска формула, односно користењето каква било профилактичка магија, дури и во моменти кога здравјето е толку нарушено што е неизвесно дали ќе преживее болниот, покажува дека народот повеќе верувал во моќта на повисоките сили, отколку во моќта на современата медицина, па затоа помошта од лекар се барала кога сите други „средства“ ќе биле исцрпени, односно, најчесто, предоцна. За тоа, покрај наведениот пример од расказот *Бојана*, сведочи и следниов извадок од романот *Разбој*: „Но има сила посилна од доктори. Т а а првин треба да се здобри. Да се здобри и да го остави детето“ (Малески, 1987: 49). Според тоа, профилактичката магија се базира врз принципите на позитивната, имитативната магија, односно врз верувањето дека болеста симболично може да се пренесе од еден објект врз друг, а вражањето овозможува да се постигне нешто со кое ќе се заштита индивидуата или целата заедница. Притоа, како резултат на дејствувањето на невидливите сили, доаѓа до пренесување на видливиот свет во други сфери, а сето тоа е овозможено од практикувањето на различните магиски дејства (Целакоски, 1989).

Низ сето ова, впечатлива е солидарноста на луѓето, особено женската солидарност, зашто жените, по традиција, се врзани за домот, додека мажот тргнува на печалба или го земаат во војска. Делењето на искуството, заемното помагање, поучување на помладите од страна на постарите како да се постапи во дадената ситуација го прават животот поподнослив. Магиските практики во најголема мера се од психолошки карактер (на пример, на Велика ѝ поминува главоболката откако бајачката ќе каже неколку збора над нејзината глава), но сепак верувањето во нивното остварување не исчезнува, туку е присутно и во денешно време, во делумно поинаква форма (на пример, „гледањето“ на кафе или на карти). Во таа смисла, „луѓето, независно од нивниот општествен статус, кога ќе чувствуваат потреба, во многу случаи не ги одбегнуваат бајачките и им се обраќаат за помош“ (Вражиновски, 1989: 88).

**Литература**

Бајрактаревић. д-р Мирко. 1958. Религија и празноверје. Рад: Београд.

Вангелов. Атанас. 1983. Првата светска војна и македонското прашање. во Решето. Наша книга: Скопје.

Вражиновски. Танас. 1982. За некои ликови на бајачки и нивниот раскажувачки репертоар. во Македонски фолклор. Институт за фолклор „Марко Цепенков“: Скопје. бр. 44. стр. 83-88.

Вражиновски. Танас. 1998. Народна митологија на Македонците 1. Институт за старословенска култура, Матица македонска: Скопје-Прилеп.

Вражиновски. Танас. 2000. Речник на народната митологија на Македонците. Институт за старословенска култура, Матица македонска: Скопје-Прилеп.

Китевски. Марко. 1982. Обичаи и верувања од Дебарца (Охридско) поврзани со раѓањето на децата. во Македонски фолклор. Институт за фолклор „Марко Цепенков“: Скопје. бр. 29-30. стр. 125-130.

Клетников Ефтим. 1987. Поговор. во Пиреј. Наша книга: Скопје.

Пенушлиски. Кирил. 1968. Наречниците во македонското народно творештво. во Рад XIII конгреса Савеза фолклориста Југославије у Дојрану 1966: Скопје. стр. 303-309.

Тасевска. Виолета. 1983. Митови и митолошки елементи во македонските народни приказни (магистерска теза, машинопис). Универзитет „Кирил и Методиј“, Филолошки факултет: Скопје.

Целакоски. Наум. 1989. Профилактички магии кај балканските народи. во Македонски фолклор. Институт за фолклор „Марко Цепенков“: Скопје. бр. 44. стр. 77-82.

Schubert. Gabriella. 1982. Uloga sudenica u porodičnim običajima balkanskih naroda. во Македонски фолклор. Институт за фолклор „Марко Цепенков“: Скопје. бр. 29-30. стр. 89-96.

**Ексцерпирани дела**

Андреевски. Петре М. 1987. Пиреј. Наша книга: Скопје.

Андреевски. Петре М. 1989. Небеска Тимјановна. Наша книга: 3. Скопје.

Малески. Владо. 1987. Разбој. Култура: Скопје.

Попов. Стале. 1970. Крпен живот I и II. Македонска книга: Скопје.

Точко. Иван. 1973. Бојана. во Избор. Македонска книга: Скопје.